Последна Опомена до Светот

# Новиот светски поредок доаѓа!

- ***Светските лидери го посакуваат***
- ***Има многу приврзаници***
- ***Претскажан пред цели 2000 години***
- ***Веќе е пред врата***
- ***Како и кога ќе се случи***
- ***Ќе го освои светот***

- ***Како да се подготвиме за неговото доаѓање***
- ***Како да се избегне да се биде негова жртва***
- ***Претскажана е негова ненадејна и целосна пропаст***
- ***Точно на време***
- ***Вистинскиот нов поредок***



***"Сакале или не, подготвени или не, сите ние сме инволвирани во незапирливиот веќе во тек, троен глобален натпревар. Како и да е повеќето од нас не спаѓаат во редот на натпреварувачите; ние сме само влогот на натпреварот. Овој натпревар се однесува на тоа кој ќе го воспостави првиот и единствен светски систем на влада кој што воопшто некогаш постоел во општеството на нациите. Натпреварот е во тек, и сега веќе започнат, нема начин да се врати назад или да се отповика."*** *Malachi Martin, a Jesuit and Vatican Insider.* ***Keys of This Blood, 15.***

"Новиот светски поредок е навистина голема идеја, каде што различни нации се зближуваат кон заедничка цел... само САД ѓи имаат и моралната положба и средствата за негова подршка." George Bush, State of the Union adress, Los Angeles Times, Feb.18.1991.

"Под смелото водство на Папата Јован Павле II, Ватиканската држава го завзеде вистинското место во светот како Меѓународен глас. Единствено право е што оваа земја (САД) покажува вистински респект кон Ватикан признавајќи го по дипломатски пат како светска држава." Dan Quayle, Appeal to the US Senate, September 22, 1983.

"(Јован Павле II) тврди дека луѓето немаат сигурна надеж во креирање на моќен геополитички систем, доколку истиот не се темели на Римо-Католичкото Христијанство." M. Martin, Keys of This Blood, page 492.

"Лидерите на Советот за Безбедност на Обединетите Нации (ООН) денеска се сретнаа на нивниот прв самит, подготвени да ја поставаат ООН во самиот центар на новиот светски поредок и да подготват општи начела за одржување на мирот и контролата на оружјето..

"Ова е за прв пат собирот на лидерите на петнаесетмината на Советот за Безбедност (како најмоќно тело на ООН) да биде свикан на највисоко ниво, од денот на самото основање на светската организација во 1945 година." Birmingham News, Jan. 31, 1992.

"Оние меѓу нас кои што се под своите седумдесет ќе бидат сведоци барем на устоличувањето на темелната структура на новата светска влада. Оние пак кои што се под своите четириесет со сигурност ќе живеат под нејзиниот законодавен извршителен и судски авторитет и контрола. Трите ривали како и многумина други покрај нив веќе со сигурност како што времето одминува - *зборуваат за новиот светски поредок не како за нешто далечно туку како за нешто што е неизбежно.*" M.Martin, Keys of This Blood, 15-16.

"Сон за поредок. Како и многу револуционерни идеи, Обединета Европа не е нов поим туку доста стар и веќе оживеан. Сонот за поредок и единство еднаш овоплотен во Рим од Цезарите, живееше преку Средниот Век (вистинскиот назив за овој период е Мрачен Век) не само во Римо-Католичката Црква туку и во Светата Римска Империја." Time, Octomber 6, 1961.

"Она што беше пропуштено од Римската Столица на Општиот Пазар, е тесно поврзано, тесно централизирано, тесно раководено и тесно контролирано од новата бирократија, која што очигледно е дека настојува да ја обнови економската структура на Светата Римска Империја кон Европа." Christian Science Monitor, 1962. ❑

***САД — Папството — ООН***

# Дали Рим Повторно ќе Владее со Светот?

**Порака до читателите:** *Ние искрено веруваме дека помеѓу Католиците има мнозина совесни Христијани кои што живеат според дадената светлина. Намерата на оваа брошура не е да се нападнат поединци туку да се претстави историјата и Библиски претскажаната иднина на религискиот Католички систем.*

## Смртоносен Компромис

**Во своето** второ послание до Солуњаните апостол Павле претскажал голем отпад од верата што ќе доведе до воспоставување на папска власт. Тој рекол дека Христос нема да дојде “додека прво не настане отпад и не се јави човекот на беззаконието, син на пропаста, противник кој сам себе гордо се издигнува против се што луѓето го викаат Бог или го сметаат за свето, така што ќе седне во Божјиот храм покажувајќи се себе си како да е Бог.” Понатаму апостолот ги предупредува своите браќа дека “тајната на беззаконието веќе ја покажува својата сила” (2 Солуњаните 2:3-4,7). Уште во тоа рано време апостолот видел како во црквата се вовлекува заблуда што ќе го подготви патот за развитокот на папството.

Тајната на беззаконието се развивала малку по малку, прво крадешкум и тивко, а кога се засилила и задобила власт над човечките умови, се поотворено го покажувала своето лажно и богохулно дело. Во црквата речиси неусетно се вовлекле незнабожечките обичаи. Големите прогонства што ги поднесувала црквата од страната на незнабоштвото за извесно време го потиснувале духот на компромис и на приближување кон светот. Но кога гонењето престанало и христијанството влегло во царските дворови и палати, тогаш тоа својата скромна едноставност на Христа и на апостолите ја заменило со сјајот и со гордоста на незнабожечките свештеници и владетели. На Местото на Божјите барања тоа вовело човечки теории и традиции. Привидното обратување на Константина, во почетокот на IV век, предизвикало голема радост: но со тоа светот влегол во црквата прикриен под плаштот на правдата. Расипаноста бргу напредувала. Незнабоштвото, навидум победено, всушност станало победник. Неговиот дух завладеал со црквата. Неговата наука, церемониите и суеверието се вовлекле во верата и во богослужението на оние што тврделе дека се Христови следбеници.

### Човекот на Беззаконието

**Како** последица на овој компромис меѓу незнабоштвото и христијанството се појавил “човекот на беззаконието”, кој во пророштвото е претскажан како оној што ќе се противи и ќе се издигнува над Бога. Овој огромен систем на лажна религија е ремек-дело на сатанската сила - споменик на неговите настојувања да седне на престолот и да управува со Земјата по своја волја. Сатаната еднаш се обидел да направи компромис со Христа. Му пристапил на Божјиот Син во пустината на искушението и, покажувајќи му ги сите светски царства и нивната слава, предложил сето тоа да му го даде нему ако ја признае врховната власт на кнезот на темнината. Христос го укорил дрскиот искушувач и го присилил да се оддалечи. Но сатаната имал поголем успех кога со истото искушение му пристапил на човекот. За да си осигури себе си световни богатства и почести, црквата почнала да бара наклоност и подршка од големците на оваа Земја; и, отфрлајќи го на тој начин Христа, паднала толку ниско што му ветила верност на претставникот на сатаната - на римскиот епископ.

### Темелот на Кривото Учење

**Една** од главните науки на Римската црква е дека папата е



**Црквата Св. Петар во Рим**

видлива глава на општата Христова црква и дека тој има врховна власт над епископите и свештениците на сите делови на светот. Наречен е “Господ Бог Папа”, прогласен е за непогрешив и бара сите да го почитуваат. Истото барање што го изнел сатаната во пустината на искушението, продолжува да го изнесува преку Римската црква

> вНие на земјава го поседуваме местото на **Семоќниот Бог.г**
>
> Pope Leo XIII, In an Encyclical Letter, June 20, 1894.

и голем број луѓе се готови да му се поклонат.

Но оние што се бојат од Бога и што го почитуваат, ќе го отфрлат овој дрзок предлог со зборовите со кои Христос го одбил обидот на подмолниот непријател: “Клањај му се на својот Господ Бог и единствено нему служи му” (Лука 4:8). Бог никаде во својата Реч не напомнал дека кој и да е човек ќе го постави за глава на својата црква. Науката за папската превласт е спротивна на науката на Светото писмо. Папата неможе да има власт во Христовата црква, освен ако ја присвои противзаконито.

Римската црква упорно ги обвинува протестантите поради “кривоверство”, и им префрла дека намерно се одвоиле од вистинската црква. Но ова обвинување прво може да се примени на самата Римска црква. Таа го обесчестила Христовото знаме и отстапила од вистинската вера “која еднаш засекогаш им е предадена на светите” (Јуда 3).

### Детектор за Заблуди

**Сатаната** добро знаел дека Светото писмо ќе им овозможи на луѓето да ѓи запознаат неговите измами и да и се противстават на неговата сила. Лично Спасителот на светот им се противставил на сатанските напади со помош на Светото писмо. Секој напад Христос го пречекал со штитот на вечната вистина, велејќи: “Пишано е!” На секое наговарање на непријателот му ги противставил мудроста и силата на Божјата реч. Единствен начин за сатаната да ја воспостави својата власт над луѓето и да ја зацврсти папската власт е да го држи светот во незнаење во врска со Светото писмо. Библијата го воздигнува Бога и на човекот му го одредува неговото вистинско место; затоа неговите свети вистини требало да останат скриени и забранети. Таа тактика ја прифатила Римската црква. Стотици години ширењето на Библијата било забрането. На народот не му било дозволено да ја чита или да ја има во своите домови; несовесните свештеници и епископи ја толкувале на начин што го подржувал нивното учење. Така се создадени услови папата да биде општо признат како Божји намесник на Земјата, кој има власт над црквата и над државата. ❏

# За да Разбереме Каде Води Папството со Своето Учење, Треба да се Запознаеме со Неговата Историја

## Божјиот закон

**I**

Јас сум Господ, Бог твој, кој те изведов од земјата египетска, од домот на ропството. Немој да имаш други богови освен мене!

**II**

Не прави си идол, ниту каква и да е слика од она што е горе на небото, или долу на земјата, или во водите под земјата! Немој да им се клањаш ниту да им служиш! Зашто јас, Господ, Бог твој, сум Бог љубоморен, кој ги казнува гревовите на татковците - гревовите на оние кои ме мразат - кај децата до третото и четвртото колено, а покажувам милост кон илјадници кои ме сакаат и ги држат моите заповеди.

**III**

Не изговарај го напразно името на својот Господ Бог, зашто Господ нема да го остави без казна оној што го изговара неговото име напразно!

**IV**

Помни си да го празнуваш саботниот ден! Шест дена работи и сврши ги сите свои работи! А седмиот ден е сабота, одмор посветен на твојот Господ Бог. Тогаш немој да работиш никаква работа: ни ти, ни твојот син, ни твојата ќерка, ни твојот слуга ни твојата слугинка, ни твојот вол ни твоето магаре, ниту придојдениот што ќе се најде во твојот дом! Зашто Господ за шест дена ги создаде небото, земјата, морето и се што е во нив, а седмиот ден си почина. Затоа Господ го благослови и го посвети саботниот ден.

**V**

Почитувај го својот татко и својата мајка за да живееш долго на земјата што ќе ти ја даде твојот Господ Бог!

**VI**

Не убивај!

**VII**

Не врши прељуба!

**VIII**

Не кради!

**IX**

Не сведочи лажно против својот ближен!

**X**

Не посакувај ја куќата на својот ближен! Не посакувај ја жената на својот ближен; ниту неговиот слуга, ни неговата слугинка, ни неговиот вол, ни неговото магаре, ниту што и да е од она што му припаѓа на твојот ближен!

**(2 Мојсеева 20:2-17)**

## Божјиот закон променет од човек

**I**

Јас сум Господ, Бог твој. Немој да имаш други богови освен мене!

**(Втората заповест е изоставена)**

**II** (всушност III)

Не изговарај го напразно името на својот Господ Бог.

**III** (IV)

Помни си да го празнуваш саботниот ден.

**(Саботната заповест е потполно изменета)**

**IV** (V)

Почитувај го својот татко и својата мајка.

**V** (VI)

Не убивај.

**VI** (VII)

Не врши прељуба.

**VII** (VIII)

Не кради.

**VIII** (IX)

Не свадочи лажно против својот ближен.

**IX** (всушност првиот дел од X)

Не посакувај ја жената на својот ближен.

**X** (всушност вториот дел од X)

Не посакувај го имотот на својот ближен.

**Основен Католички Катехизам.**

# Поклонување на Паганизмот

**Бидејќи** е одстранета книгата што ги открива заблудите, сатаната можел да работи што сака. Пророштвото објавило дека папството ќе настојува да ги "промени времињата и Законот" (Данило 7:25). Тоа не се колебало да го почне претскажаното дело. За да им се даде на обратените од незнабоштвото замена за обожавањето на идолите за полесно да го прифатат христијанството, во црквата постепено се воведувал култот на слики и реликвии. Еден општ црковен собор тоа ново идолопоклонство го озаконил. За да го доврши богохулното дело, Рим се осмелил од Божјиот закон да ја избрише втората заповед која забранува обожавање на слики, а за да остане бројот на заповедите неизменет, ја поделил десеттата заповед, правејќи од неа две.

## Компромисот Продолжува

**Духот** на компромис со незнабоштвото го отворил патот за натамошно презирање на небесната власт. Служејќи се со непосветените водачи на црквата, сатаната својата стрела ја насочил против четвртата заповед; се обидел да ја отстрани старата сабота, денот што го благословил и што го посветил Бог (1 Мојсеева 2:2,3), и на нејзино место да го издигне празникот што го празнувале незнабошците како "чесен ден на Сонцето". Од почетокот таа промена се обиделе да ја изведат тајно. Во првите векови сите христијани ја празнувале вистинската сабота. Ревнувале за Божјата чест, зашто биле уверени во непроменливоста на неговиот Закон, и љубоморно внимавале на неговите свети начела. Но, за да ја постигне својата цел, сатаната лукаво работел преку своите орудија. За да се насочи вниманието на народот кон неделата, таа е прогласена за празник во чест на Христовото воскресение. Тој ден се одржувала верска служба, но сепак тој се сметал само како ден за разонода, а саботата сеуште се сметала за света.

За да го приготви патот за делото што планирал да го изврши, сатаната уште пред Христа ги навел Евреите да ја оптоварат со мошне строги прописи, така што нејзиното празнување станало товар. Користејќи ја лажната светлина во која сега ја прикажувал саботата, сторил неа да ја презираат како еврејска уредба. Додека христијаните продолжиле да ја слават неделата како ден на радост, сатаната, за да покажат омраза кон се што е еврејско, ги навел од саботата да направат ден на пост, на тага и жалост. ❑

# Дрската Промена

**Во почетокот** на четвртиот век царот Константин издал декрет со кој неделата ја прогласил за општ празник на целото римско царство. Денот на сонцето го почитувале незнабожечките приврзаници, а го славеле и христијаните; со тоа царот имал намера да ги соедини спротивните интереси на незнабоштвото и христијанството. На тоа го наговориле епископите на црквата кои, проникнати со амбиција и со желба за власт, увиделе дека, ако христијаните и незнабошците празнуваат исти ден, тоа ќе ѓи наведе незнабошците формално да го прифатат христијанството, што ќе ја зголеми силата и славата на црквата. Иако многу побожни христијани почнале постепено да ја почитуваат неделата во извесна мера како свет ден, сепак, сеуште ја празнувале вистинската сабота како света на Господа и ја славела според четвртата заповед. Големиот измамник не го довршил своето дело. Решил да го собере христијанскиот свет под свое знаме и својата власт да ја оствари преку својот претставник, горделивиот понтифекс кој тврдел дека е Христов намесник. Тој оваа своја намера ја спровел преку полуобратените незнабошци, преку честољубивите епископи и свештеници кои биле световно ориентирани. Повремено се одржувани големи собири на кои присуствувале црковните великодостојници од цел свет. Речиси на секој од овие собири саботата, што ја воспоставил Бог, се повеќе била потиснувана, а за сметка на тоа се повеќе била издигнувана неделата.

Најпосле незнабожечкиот празник почнал да се почитува како божествена установа, додека библиската сабота е прогласена за остаток на еврејството, а нејзините почитувачи за проклети.

## Божјиот Печат Одстранет

**Големиот** отпадник успеал "самиот себеси горделиво да се

> "Неделата е Католичка институција, и правото за нејзино светкување може да се одбрани само врз основа на Католички принципи...Од почетокот па до крајот на Светото писмо не постои ниту еден единствен текст што ја потврдува промената на седмичното јавно богослужение од последниот на првиот ден од седмицата" Catholic Press, Sydney, Australia August, 1900.

**Во текот на првиот век сите христијани ја светкувале Саботата**

**“За ниту еден Протестант кој што има целосно познавање на историјата не е спорно дека Римската црква има пролеано повеќе невина крв отколку која и да е друга институција што воопшто постоела на земјата. . . . Не е возможно целосно да се осмисли големиот број жртви.”** W.E.H.Lecky, History of the Rise and Influence of the Spirit of Rationalism in Europe, vol.2, page 32, 1910 edition.

**“Проценети се.... просечно 40 000 убиства од религиозни причини секоја година од постоењето на папството.”** John Dowling, The History of Romanism pages 541-542.

подигне против се што луѓето го викаат Бог или го сметаат за свето” (2 Солуњаните 2:4). Се осмелил да ја промени токму онаа заповед во Божјиот закон која јасно му зборува на целото човештво за вистинскиот и жив Бог. Во четвртата заповед Бог се открива како Творец на небото и Земјата, со што се разликува од сите лажни богови. Како спомен на создавањето, седмиот ден е посветен како ден за одмор на целото човештво. Бил одреден постојано да ги потсетува луѓето на Бога како извор на животот, на кого единствено сме должни да му се молиме и да го обожаваме. Сатаната се бори луѓето да ѓи стори неверни кон Бога и непослушни кон неговиот Закон; затоа своите напори ги насочил особено против онаа заповед која го истакнува Бога како Творец. Протестантите денеска тврдат дека Христовото воскресение во недела тој ден го сторило христијанска сабота (ова истото го тврди и Православната црква). Но за тоа тврдење нема доказ во Светото писмо. Ниту Исус ниту неговите апостоли на тој ден не му давале таква чест.



## Од Паганскиот до Папскиот Рим

**Во шестиот** век папството веќе силно се зацврстило. Престолот на неговата моќ бил поставен во царскиот град и римскиот епископ е прогласен за глава на целата црква. Незнабоштвото му го отстапило местото на папството. Ламјата му дала на ѕверот “своја сила, свој престол и голема власт” (Откровение 13:2). Сега почнале оние илјада двесте и шеесет години на папското насилство претскажано во Даниловото пророштво и вои Откровението (Данило 7:25; Откровение 13:5-7). Христијаните биле принудени да бираат дали ќе ѓи напуштат своите начела и ќе ѓи прифатат папските церемонии и папското богослужение, или својот живот ќе го завршат во затвори на справи за растегање, на ломачи, или да им биде пресечена главата. Сега се исполниле Христовите зборови: “Ќе бидете предадени исто така и од родителите, и од браќата и од роднините, и од пријателите, а некои од вас ќе бидат и убиени; и ќе бидете намразени од сите заради моето име” (Лука 21:16,17). Почнало големо прогонство против верните, пострашно од кога и да е порано и светот станал огромно бојно поле. Во текот на стотици години Христовата црква наоѓала прибежиште во самотија и темнина. Тоа пророкот го опишува вака: “А жената побегна во пустина, каде што имаше приготвено место од Бога за да ја хранат таму илјада двесте и шеесет дена” (Откровение 12:6). ❑

# Почеток на Мрачната Ера

**Доаѓањето** на Римската црква на власт го означува почетокот на мрачниот среден век. Колку повеќе растела нејзината моќ, темнината станувала се погуста. Верата од Христа, кој е вистински темел, е пренесена на римскиот папа. За проштавање на гревот и за вечно спасение наместо да му се обраќаат на Божјиот Син, луѓето гледале во папата и во неговите ополномоштени свештеници и епископи. Свештенството го учело народот дека папата е земен застапник и дека само преку него можат да му се приближат на Бога; дека тој е Божји наместник и затоа се должни безусловно да му се покоруваат. Отстапувањето од неговите наредби е доволна причина виновникот да биде казнет со најстрашна душевна и телесна казна. Така човечките мисли се одвратени од Бога и упатени кон луѓето подложни на грев, на заблуди и на гнев, односно кон самиот кнез на темнината кој преку нив ја спроведува својата власт. Гревот бил наметнат со плашт на светлина. Кога Светото писмо се гази и кога човекот ќе почне себеси да се смета за врховно суштество, тогаш можеме како последица на тоа да очекуваме само измама, лага и срамно беззаконие. Со издигнувањето на човечките закони и преданија се појавила расипаност што секогаш е последица на отфрлање на Божјиот Закон.

## Денови на Опасност

**Ова биле** денови на опасност за Христовата црква. Верните Христови следбеници биле навистина малку. Иако вистината не останала без сведоци, сепак понекогаш изгледало дека заблудата и суеверието потполно ќе завладеат и дека вистинската религија ќе исчезне од Земјата. Евангелието е занемарено, умножени се верските обреди, а луѓето оптоварени со строго извршување на надворешни прописи на побожноста. Свештениците ги учеле луѓето папата да го сметаат за свој посредник, а своите дела како средство за очистување од гревот. Долги поклоненија, дела на каење, обожавање на реликвии, сидање на цркви, храмови и олтари, давање на големи суми на црквата - такви и слични дела се барале како средства за да можат да го уталожат Божјиот гнев и да осигурат негова наклоност; Бог како да е сличен на човекот кој се гневи поради ситници, а може да се умилостиви со дарови и со дела на покајание. Се чинело дека темнината станува се погуста. Обожавањето на слики станало нешто вообичаено. Пред сликите се палеле свеќи и ним им се упатувале молитви. Преовладувале најнеразумни и најсуеверни обичаи. Човечките мисли во толкава мера биле проникнати со суеверие и со празноверие, што изгледало дека и самиот разум ја загубил својата моќ. Бидејќи самите свештеници и епископи се оддале на уживања и биле телесни и расипани, зар можело да се очекува нешто друго освен и самиот народ, што го воделе тие, да падне длабоко во незнаење и порок.

## Вообразениот Бискуп

**Друг** чекор во папската честољубивост е направен во единаесетиот век кога папата Гргур VII прогласил дека Римската црква е совршена. Меѓу другото, изјавил дека, според Светото писмо, црквата никогаш не згрешила ниту ќе згреши. Но ова тврдење не било поткрепено со докази од Светото писмо. Горделивиот понтифекс исто така тврдел дека има власт да соборува и да поставува цареви и дека никој неможе да ја промени неговата одлука, додека тој има право да ѓи менува одлуките на другите.

Колкава бележита разлика меѓу дрската горделивост на овој надуен понтифекс и кроткиот и благ Христос, кој се прикажал себе си како стои пред вратата на срцето и моли да влезе, да донесе проштавање и мир и кој ги учел своите ученици: “Оној што сака меѓу вас да биде прв, нека ви биде слуга”(Матеј 20:27). ❑

# Мракот се Продлабочува

**Следните** векови сведочеле за постојаното зголемување на заблудите што ги ширел Рим. Уште пред издигнувањето на папството, науката на незнабожечките филозофи била ценета и имала влијание врз црквата. Мнозина, привидно обратени, сеуште се придржувале кон начелата на незнабожечката филозофија и не само што продолжиле да ја проучуваат, туку и им ја наметнувале на другите како средство за ширење на нејзиното влијание меѓу незнабошците. Во христијанската вера се вовлекле сериозни заблуди. Една од главните е верувањето во човековата вродена бесмртност и во нејзината свесна состојба по смртта. Ова учење е темел на кој Рим го издигнал култот на светците и обожавањето на девицата Марија. Оттаму произлегло лажното учење за вечна мака на непокајаните, кое рано се вовлекло во папското верување.

Со ова бил приготвен патот за воведување на уште една незнабожечка измислица што Рим ја нарекол чистилиште и ја употребувал да го заплашува лековерното и суеверно мноштво. Ова лажно учење тврди дека постои едно место на маки во кое се мачат душите на оние што не заслужиле вечна пропаст, и од кое тие одат на небото откако претходно ќе се очистат од гревовите.



## Финансиското Гледиште

**На Рим** му била потребна уште една измислица за да се користи со стравот и со гревовите на своите следбеници. Тоа е науката за проштавање на гревовите со помош на прошталници. Целосно проштавање на минатите, на

> **“Папата не е само претставник на Исуса Христа, но тој е и самиот Исус Христос скриен под телесна наметка”** The Catholic National, July 1895.

сегашните и на идните гревови и ослободување од сите маки и заслужени казни им е ветено на оние што ќе учествуваат во војните на врховниот свештеник за да се прошири неговата власт, во казнувањето на неговите непријатели и во истребувањето на сите оние што би се осмелиле да ја негираат неговата духовна превласт.

Луѓето биле поучувани дека можат да бидат ослободени од гревовите со давање на пари на црквата, а исто така можат да се ослободат душите на умрените пријатели што се мачат во огнот на чистилиштето. На тој начин Рим ги полнел своите каси и го потпомагал раскошот, сјајот и порокот на таканаречените претставници на Оној кој немал каде да ја потпре главата.

## Творецот Создаден

**Библиската** уредба за Вечерата господова е заменета со идолопоклоничка жртва - миса. Папските свештеници изјавувале дека со своето неразбирливо мрморење, обичниот леб и вино ги претвораат во вистинското “Христовото тело и крв”- Cardinal Wiseman, “The Real Presence of the Body and Blood of Our Lord Jesus Christ in the Blessed Eucharist, Proved From Scripture,” lecture 8 sec.3, par.26. Со богохулна надуеност тврделе дека можат “да го создадат” Бога, семожниот Творец. Од христијаните се барало, под закана на смртна казна да веруваат во ова страшно кривоверство, што е хула против Бога. Мнозина што го отфрлиле тоа биле осудени на смрт на ломача.

## Милиони Маченици

**Во тринаесеттиот** век е воведена инквизиција, едно од најужасните папски орудија. Тука кнезот на темнината работел заедно со водачите на папската хиерархија. На нивните тајни седници сатаната и неговите ангели управувале со умовите на овие зли луѓе, додека среде нив стоел невидлив Божји ангел, кој ги бележел ужасните заклучоци на нивните безбожни одлуки и ја пишувал историјата на делата што биле премногу страшни за да можат да се изнесат пред човечките очи. “Големиот Вавилон се опивал со крвта на

> **“Папата Јован Павле II побара прошка за Католичко-Протестанските војни во Европа за време на контра-реформата.”** US. News and World Report, July 3, 1995.
>
> Оваа и слични вести и извештаи претставуваат индиректно признавање на одговорноста за милионите маченици за времето на Мрачниот Среден Век. Библијата претскажува дека под напнати околности во многу скоро време, Папството и неговите приврзаници повторно ќе се обратат до цивилните власти за да можат да ја контролираат опозицијата.

светите.” Масакрираните тела и крвта на овие маченици упатувале вопли кон Бога за одмазда на оваа отпадничка сила.

## Тотален Мрак

**Папството** станало светски тиран. Кралевите и царевите се клањале пред одлуките на римскиот епископ. Сегашната и вечната судбина на луѓето се чинело како да е во негова власт. Стотици години учењето на Рим било безусловно и општо прифатено, неговите обреди извршувани со почит, а празниците насекаде празнувани. Неговото свештенство е почитувано и великодушно потпирано. Никогаш подоцна римската црква не достигнала поголема чест, сјај и моќ.

## Незауздан Разврат

**Но “зенитот** на папството бил полноќ за светот”. Светото писмо му било непознато не само на народот, туку и на свештениците. Слично на некогашните фарисеи, папските водачи ја мразеле светлината што би ги открила нивните гревови. Бидејќи го отстраниле Божјиот закон, мерилото на правдата, си присвоиле неограничена моќ и се оддавале на незауздан разврат. Насекаде преовладувале измама, лакомство и порок. Луѓето не се воздржувале од никакво злосторство само ако со негова помош би можеле да дојдат до богатство и положба. Палатите на папите и епископите биле место на најлош разврат. Некои папи се оддале на толку ниски злосторства, што световните владетели се обиделе да ги соборат овие црковни великодостојници како страшни чудовишта што неможат да се поднесуваат. Со векови Европа не постигнала никаков напредок во науката, во уметноста и цивилизацијата. Христијанството било погодено со морална и интелектуална парализа.

## Протестот на Реформаторите

**Недостатокот** од познавањето на Божјата Реч му овозможило на папството да владее со светот за времето на Мрачниот Среден Век. Кон крајот на ова време, како што разбирањето за Божјата Реч започнало да се зголемува, луѓето почнале да протестираат против заблудите што биле застапени во тоа време во црквата. Овие Протестантски Реформатори ги отфрлиле оковите на заблуди и

> “За исповедање на вера спротивна на Римската црква историјата бележи мачеништво на повеќе од 100 милиони луѓе.” Brief Bible Readings, p.16.
>
> “На 24 Август 1527, римокатолиците во Франција според однапред припремен план, и под влијание на Језуитите убиле 70 000 Протестанти само за време од два месеца. Папата бил радосен кога ги слушнал вестите за успешниот исход.” Western Watchman, November 21, 1912, (Catholic).

празноверија и и овозможиле на Библијата да свети со својот вистински сјај. Овие луѓе го добиле називот Протестанти, бидејќи сваќајќи ја вистината за Божјата Реч, увиделе дека ако сакаат да му останат верни на Бога ќе мораат да протестираат и да и се спротивставаат на заблудите на Католицизмот. За жал веќе уште еднаш во историјата на оваа планета познавањето на Божјата Реч е заборавено. Споредете го Реформското разбирање за Папството со верувањата на денешната модерна генерација.

### Папството Осудено

***Мартин Лутер*** рекол: "Знам дека Папата е Антихрист, и дека неговата столица е лично сатанска. Папството е главниот прогонувач чија што цел под раководството на Римскиот бискуп е опустување и уништување на души."

***Чарлс Спурген*** рекол: "Ние мораме со разумна смелост да ги предупредиме оние кои што се склони кон заблудите на Рим; мораме да им кажеме за мрачните злодела на Папството."

***Џон Нокс*** рекол дека папата е "вистинскиот антихрист."

***Џон Весли*** го има кажано за папството следново: "Тој е во изразита смисла, Човекот на Беззаконието, зголемувајќи го прекумерно гревот на секаков можен начин."

***Џон Калвин*** рекол: "Ние го нарекуваме Римскиот Бискуп - Антихрист."

### Протестантите Заборавaат на Минатото

**Денес,** потомците на оние верни маченици од минатото, имаат заборавено зошто се нарекуваат Протестанти. Размисли за следново:

"Време е Протестантите да дојдат кај пастирот (папата) и да си го постават прашањето: "Што треба да направат за да си дојдат дома?" Dr.Robert Schuller, Los Angeles Herald Examiner Sept.19, 1987.

"Водачите на Американските Протестантски и Источните Православни цркви кои што се сретнаа со Папата Јован Павле II во Петокот ја поздравија својата прва отворена претставничка расправа како основа на патот кон поголемо единство...Доналд Џонс, Обединет Методист и претседател на одделението за религиски студии при универзитетот во Јужна Каролина го нарекува овој собир како, "најважен екуменски состанок на столетието."...Паул.А.Кроун Џр. од Индианаполис, службеник во христијанската црква (Христови Апостоли), го нарекува "нов ден во екуменизмот, почеток на иднина во која што Бог не собира сите заедно." The Montgomery Advertizer, Sept.12, 1987.

"Ако Католилицизмот во иднина треба да стане повеќе католички, што всушност е и она што јас лично го очекувам од сегашниот папа, тогаш теолошките разлики ќе станат уште поостри, но нашиот сојуз со католиците против световната култура ќе стане уште подлабок. Јас сум оној кој е спремен да тргува." David Wells, Eternity Magazine Sepr.1987.

"Протестанското и Католичкото харизматско учење за христијанскиот живот се во секоја смисла и намера идентични. Зарем тоа не е важно за иднината на христијаните?" J.I.Packer, Christianity Today, June 22,1992.

Протестантизмот ги има заборавено своите корени. Тој беше воспоставен да му се спротивстави на Рим и да ги осуди неговите заблуди. Но денес тој е спремен да ги прифати истите тие заблуди. Сега кога целиот свет е на границата на завршниот Римски атак, довчерашните непријатели формираат сојузи. Протестантскиот свет има заборавено дека е вклучен во вечна битка, и поради своето самоволно запоставување на знаењето, тој е осуден на уништување. ❏

# Законот и Редот Како Вистински Проблем

**Уште** од самиот почеток на големата борба на небото, постојана намера на сатаната била да го урне Божјиот закон. За да го постигне ова, се побунил против творецот и, иако бил отфрлен од небото, истата борба ја продолжил на Земјата. Луѓето да ги измами и со тоа да ги наведе на престап на Божјиот закон, е цел кон која постојано се стремел. Било ова да го постигне со отфрлање на целиот Закон или со отстранување на одделни негови прописи, последиците на крај ќе бидат исти. Оној што "ќе згреши во едно", покажува презир кон целиот Закон; неговото влијание и пример е на страна на престапот; тој "е крив за се" (Јаков 2:10).

Настојувајќи да предизвика презир кон божествените уредби, сатаната ја изопачил науката на Библијата со тоа што се вовлекле заблуди во верата на илјадници такви кои тврдат дека веруваат во Светото писмо. Последниот голем судир меѓу вистината и заблудата е само завршна битка на вековната борба против Божјиот закон. Ние влегуваме во овој судир - судир меѓу човечките закони и прописите на Јехова, меѓу верата на Библијата и верувањата во човечките измислици и преданија.

Неверство преовладува не само во светот туку и во црквата. Мнозина ги негираат науките што се главни столбови на христијанска вера. Делото на создавањето, како што ни го изнесуваат вдахновените писатели, падот на човекот, помирувањето и вечната праведност на Божјиот закон, всушност се отфрлени, било во целост или делумно, од страна на голем дел на оние што тврдат дека се христијани. Илјадници такви кои се гордеат со својата мудрост и независност го сметаат за знак на слабост ако некој во целост ја прифаќа Библијата. Тие поголемата надареност и ученост ги сметаат за доказ ако го критикуваат Светото писмо, ако го толкуваат симболички и ако ги оспоруваат неговите најважни вистини. Многу проповедници ги учат своите цркви, а многу професори и учители своите ученици, дека Божјиот закон е променет или укинат, и дека оние што веруваат оти неговите барања сеуште важат и дека мораат буквално да се исполнуваат, заслужуваат само презир и потсмев.

### Доктринално Идолопоклонство

**Со отфрлањето** на вистината луѓето го отфрлаат нејзиниот Автор. Кога го газат Божјиот закон, со тоа го негираат авторитетот на Законодавецот. Исто така лесно е да се направи идол од лажни науки и лажни теории како и од дрво или од камен. Со лажното претставување на Божјите особини, сатаната кај луѓето создава погрешен впечаток за карактерот на нивниот Творец. Мнозина наместо Бога на прво место поставуваат некој филозофски идол, додека живиот Бог, како што ни е откриен во неговата Реч, во Христа и во делата на создавањето, имал мал број на обожаватели. Има илјадници такви кои ја обожаваат природата, додека се откажуваат од Творецот на природата. Во денешниот христијански свет владее идолопоклонство исто како и во стариот Израел за време на пророкот Илија, само во друг облик. Богот на мнозина што



се сметаат мудри, богот на филозофите, на поетите, на државниците, на новинарите, богот на отмените кругови, на многу високи школи и универзитети, па дури и на некои теолошки установи - малку е подобар од феничанскиот бог на Сонцето, Вал.

Ниедна заблуда прифатена од христијанскиот свет не се подигнува со поголема смелост против небесниот авторитет, ниедна не му се противи на здравиот разум толку директно и ниедна не е поопасна по своите последици од науката на новото време која толку бргу се шири, а тоа е дека Божјиот закон не е веќе задолжителен за луѓето. Секоја земја има свои закони што бараат почит и послушност. Ниедна држава не би можела да постои без нив. Зар тогаш може да се замисли Творецот на небото и Земјата да нема никаков закон за своите созданија? Да си претпоставиме дека угледните проповедници јавно проповедаат оти законите што владеат во нивната земја и ги штитат правата на граѓаните не се задолжителни, дека тие ја ограничуваат слободата на народите и дека поради тоа не треба да се почитуваат; до кога би ги поднесувале ваквите луѓе на проповедалната? Зар поголема е навредата да се презираат законите на државите и на земјите отколку да се газат божествените прописи кои се темел на сите држави?

## Гревот Престанува да Биде Грешен

**Секаде** каде што ќе се отфрлат божествените прописи, гревот престанува да изгледа грешен, а правдата е непожелна. Оние што одбиваат да го прифатат Божјето владеење се наполно неспособни да владеат самите со себе. Со нивните опасни науки се всадува дух на непокорност во срцата на децата и младината кои по природа не поднесуваат ограничувања, а како последица на тоа во општеството се шири беззаконие и разузданост. Иако мнозина и се подбиваат на лековерноста на оние што ѓи прифаќаат Божјите барања, тие сами радо ги прифаќаат измамите на сатаната. Тие им




попуштаат на телесните желби и ги прават истите гревови што навлекле Божји судови врз незнабошците.

## Општеството во Збрка

**Самата** наука дека луѓето се ослободени од послушноста кон Божјите барања ја ослабела силата на моралната обврска и на светот му ѓи отворила браните на неправдата. Врз нас се устремиле беззаконие и расипаност како опасна поплава. Сатаната во голема мера работи во семејството. Неговото знаме се вее и на домовите на оние кои тврдат дека се христијани. Тука постои сомничење, лицемерство, оттуѓување, расправии, караници, изневерување на доверени тајни и задоволување на телесните желби. Целиот систем на верските начела и науки, што би требало да биде темел и рамка на општествениот живот, се чини дека се повива готов да се распадне. Најдрски злосторници, кога ќе паднат во затвор поради сторените злосторства, често се опсипувани со подароци и им се обрнува внимание како да сториле некое благородно дело. На нивната личност и на нивните злосторства им се дава голем публицитет. Печатот објавува возбудливи подробности за злосторството и со тоа се наведуваат и други на измама, на разбојништво и на убиство, а сатаната се радува за успехот на своите пеколни планови. Уживањето во пороци, безочното одземање на животи, страшното умножување на неумереноста и на беззаконието во сите облици и степени би требало да ги поттикнат сите оние што се бојат од Бога да се запрашаат што можат да сторат за да се запре поплавата на злото.

## Светото Писмо Отфрлено

**Беззаконието** и духовната темнина што владееле под власта на Рим, биле неизбежна последица на неговото отфрлање на Светото писмо; но каде да се најде причината за толку широкото распространување на безбоштвото, за отфрлањето на Божјиот закон и за расипаноста што произлегува од тоа при полна светлина на евангелието и во време на верска слобода? Сега, кога сатаната неможе повеќе светот да го држи под своја власт со одземање на Светото писмо, тој прибегнува кон други средства за да ја постигне истата цел. Да се уништи верувањето во Библијата за него е исто толку важно колку и уништувањето на самата Библија. Бидејќи раширил уверување дека Божјиот закон не е задолжителен, сатаната исто така успешно ги наведува луѓето да го престапуваат како и тогаш кога воопшто не би ги познавале неговите прописи. Сега, како и некогаш, тој работи преку црквата за да ги оствари своите планови. Денешните верски заедници одбиле да ги слушаат непопуларните вистини јасно изнесени во Светото писмо и, борејќи се против нив, прифатиле толкувања и зазеле такви ставови што насекаде посеале семе на неверство.

Со тоа што ја прифатиле папската лага за вродена бесмртност и за свесна состојба на луѓето за време на смртта, ја отфрлиле единствената одбрана од измамите на спиритизмот. Науката за вечни маки завела мнозина да не веруваат во Библијата. И кога јасно ќе се изнесат барањата на четвртата заповед, мнозина увидуваат дека Бог бара да го празнуваме седмиот ден, саботата. А како единствен излез да се ослободат од должноста што не се готови да ја исполнат, многу учители изјавуваат дека Божјиот закон не важи повеќе. На овој начин тие го отфрлаат Законот, а со него и саботата. Колку повеќе се работи врз реформата на саботата, ова отфрлање на божествениот Закон, за да се избегнат барањата на четвртата заповед, ќе стане речиси сеопшто. ❑

# Мрачниот Среден Век се Повторува

**Постапката** на сатаната со Божјиот народ во овој последен судир е иста каква што била на почетокот на големата борба на небото. Тој се преправал како да сакал да го зацврсти Божјето владеење, а всушност постојано превземал се за да го собори. И токму делото што настојувал да го изврши тој на овој начин им го припишувал на ангелите што останале верни. Исто вакво лукавство ја одбележува историјата на Римската црква. Таа тврди дека делува како небесен намесник додека всушност настојува да се издигне над Бога и да го промени неговиот Закон. Оние кои поради својата верност кон евангелието претрпеле смрт за време на владеењето на Рим, биле жигосани како злосторници. За нив се тврдело дека се во сојуз со сатаната. Биле употребени сите можни средства за да бидат обвинети и во очите на народот, па дури и во своите сопствени очи, да изгледаат како најлоши злосторници. Така ќе биде и сега. Настојувајќи да ги уништи оние што го почитуваат Божјиот закон, сатаната ќе стори тие да бидат обвинети како престапници на Законот, како луѓе што не го почитуваат Бога и со тоа ги навлекуваат на светот неговите судови.

## Најгрубо Насилство

**Бог никогаш** не ја присилува волјата или совеста на луѓето, додека сатаната, напротив, секогаш се служи со најгрубо насилство да ги доведе под своја власт оние што неможе да ги заведе на друг начин. Тој се обидува со страв и со насилство да завладее со совеста на луѓето и да ја изнуди нивната послушност. За да ја постигне оваа цел, тој работи како преку духовните така и преку световните власти, поттикнувајќи ги

# Од Каде Дојде Сејачот на Злото-Сатаната?

## Потеклото наЗлото

**За мнозина** потеклото на злото и причината за неговото постоење е причина за голема збунетост. Тие го гледаат гревот со неговите страшни последици на болка и пустеење и се прашуваат како може да постои сето ова под владеењето на Оној кој е безмерен во својата мудрост, сила и љубов.

Не е можно да се даде такво објаснување за потеклото на гревот со кое би можело да се оправда неговото постоење. Но сепак за потеклото и за конечната судбина на гревот можеме да сватиме толку за да ни биде јасна Божјата правда и доброта во врска со неговото постапување со злото.

Гревот е неканет дојденик за чиешто постоење не може да се најде причина. Тој е таинствен, необјаснив; да се оправда гревот би значело тој да се брани. Кога би можело за него да се најде оправдување или причина за неговото постоење, тогаш тој би престанал да биде грев. Наше единствено толкување на гревот е она што е дадено во Божјата реч: Гревот е “престап на Законот”.

## Божјата Љубов Наспроти Гордоста

**Бидејќи** законот на љубовта е темел на Божјето владеење, блаженството на сите создадени суштества зависело од нивната целосна хармонија со неговите начела на правдата. Бог очекува од сите свои созданија служба од љубов, почит што се темели на вистинското разбирање на Божјиот карактер. Тој не сака изнудена верност, затоа на сите суштества им дава слободна волја, за доброволно да му служат. Но се нашол еден кој решил да ја злоупотреби оваа слобода. Гревот се појавил во оној кој, покрај Христа, бил најмногу почитуван од Бога и кој меѓу небесните жители бил највисок по моќта и честа. Пред да падне, Луцифер бил херувим засолнувач, свет и чист. Види (Езекил 28:12,14,15).

Луцифер можел да ја сочува Божјата наклоност, можел да биде сакан и почитуван од сета небесна војска, а сите свои благородни особини можел да ѓи употреби на благослов на другите и на прославувањето на својот Творец. Но пророкот вели: “Од убавината твоја се возгордеа срцето твое, поради богатството твое си ја загуби мудроста своја” (Езекил 28:17). Луцифер дозволил кај него постепено да се развие склоност кон извишување на самиот себе си. “А во срцето свое си велеше: Ќе се искачам на небесата, ќе си подигнам себе си престол погоре од Божјите ѕвезди. Ќе царувам на соборната гора на крајниот север. Ќе се вивнам во облачните висини, ќе бидам еднаков со Севишниот” (Исаија 14:13,14). Наместо да се труди над се да го издигне Бога во мислите и во срцата на Божјите созданија, Луцифер се стремел нивната служба и почит да ги здобие за себе. И бидејќи ја посакал честа што неизмерниот Отец му ја дал на својот Син, овој кнез на ангелите се стремел кон власт на која имал право само Христос.

Божјиот син бил признат како владетел на небото, во силата и власта еднаков со Отецот. Христос учествувал во сите советувања со Отецот, а на Луцифера не му било дозволено да биде упатен во сите Божји

да наметнат човечки закони кои се во спротивност со Божјиот закон.

Оние што ја почитуваат библиската сабота ќе бидат обвинети како непријатели на законот и редот, како луѓе што ги уриваат моралните огради на општеството, како причина за анархијата и расипаноста, како оние што навлекуваат на Земјата Божји судови. Нивното совесно држење на Божјиот закон ќе се прогласи како упорност, тврдоглавост и презирање кон власта. Тие ќе бидат обвинети дека не ѓи почитуваат властите. Проповедниците што ја негираат задожителноста на божественоит Закон ќе проповедаат од проповедалната за должноста да се слушаат граѓанските власти како од Бога одредени. Оние што ги држат Божјите заповеди, во законодавните тела и во судските сали ќе бидат лажно претставени и осудени. На нивните зборови ќе им се даде лажна смисла, а на нивните постапки ќе им бидат припишани најлоши побуди.

## Светлината Заменета со Темнина

**Бидејќи** протестантските цркви ги отфрлаат јасните библиски докази во прилог на Божјиот закон, тие ќе настојуваат да ѓи замолкнат сите оние чија што вера неможат да ја соборат со Библијата. Иако ги затвораат очите пред фактот, тие сепак ја прифаќаат постапката што ќе доведе до прогонство на оние кои свесно се противат да го прават она што го прави другиот христијански свет и кои не се согласуваат да го почитуваат папскиот ден за одмор.

## Слободата на Совеста Побиена

**Црковните** и световните достоинственици ќе се здружат за да ги поткупат, да ги наговорат или да ги присилат сите луѓе да ја празнуваат неделата. Недостигот од божествени докази ќе биде заменет со присилни мерки. Политичката расипаност ќе ја уништи љубовта кон правдата и почитувањето кон вистината. Дури и во слободарска Америка, водечките личности и законодавци, за да си осигурат наклоност од страна на јавноста, ќе попуштат пред општата желба да се издаде еден закон за задолжително празнување на неделата. Слободата на совеста, која била платена со толку многу жртви, нема повеќе да се почитува. Во судирот што ќе избие наскоро, ќе го видиме исполнувањето на зборовите на пророкот: “Се разгневи ламјата против жената, па отиде и стапи во војна со остатокот на нејзиното потомство, со оние што ги држат Божјите заповеди и имаат сведоштво Исусово” (Откровение 12:17).

Наспроти оние што ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, третиот ангел укажува на други, против чиишто измами изрекол свечена и страшна опомена: “Секој што му се клања на ѕверот и на неговата икона и ќе прими жиг на челото или на раката, ќе го пие виното на Божјата јарост” (Откровение 14:9,10). За да ја сватиме оваа вест, потребно е исправно да ги толкуваме употребените симболи. Што се подразбира под поимите ѕвер, икона и жиг?

## Ламјата

**Пророчкиот** синџир во кој се наоѓаат сите симболи почнува ва Откровение 12. глава со ламја која сакала да го убие Христа по неговото раѓање. Сатаната е ламја (Откровение 12:9), зашто тој Ирода го поттикнувал да го убие Спасителот. Неговото главно оружје со кое во првите векови на христијанскиот период војувал против Христа и против неговиот народ било римското царство со неговата претежно многубожечка религија. И додека

**Оние што ја почитуваат библиската Сабота ќе бидат обвинети како непријатели на законот и редот.**

**Слободата на совеста, која била платена со толку многу жртви, нема повеќе да се почитува.**

намери. Овој силен ангел се прашувал: Зошто Христос да има највисока власт? Зошто да биде почитуван и од самиот Луцифер?

## Обвиен во Таинственост

**Сатаната** бил толку високо ценет, а сите негови постапки обвиени во таква таинственост, што на ангелите им било тешко да ја откријат вистинската природа на неговата работа. Се додека не се развил потполно, гревот неможел да изгледа толку опасен како што всушност бил. Се дотогаш гревот немал место во Божјата вселена и светите суштества незнаеле ништо за неговата природа и за неговите страотии. Тие не би можеле да ги сватат страшните последици што би настапиле со отстранувањето на Божјиот закон. Во своето постапување со гревот, Бог можел да се послужи само со правдата и со вистината. Сатаната го употребил она што Бог неможел да го употреби - ласкање и измама. Сатаната неслогата што ја предизвикал со своето лично однесување на небото му ја препишувал на Законот и на Божјето владеење. Објавил дека сето зло е само последица на божественото владеење. Тврдел дека негова цел е да ги усоврши Божјите уредби. Затоа било потребно да му се даде прилика да ја покаже природата на своите барања и практичното дејство на своите предложени промени во божествениот Закон. Требало да го осудат самите негови дела. Сатаната од почеток тврдел дека тој е бунтовник. Затоа требало целата вселена да види дека измамникот е разобличен.

## Истиот Дух

**Истиот** дух што го почнал бунтот на небото, сеуште предизвикува бунт на Земјата. Сатаната продолжил кај луѓето да се служи со истите средства како и кај ангелите. Сатаната лажно го претставувал Божјиот карактер на небото, прикажувајќи го Бога како строг и насилник. А исто така и на Земјата ги завел луѓето на грев. Кога успеал во тоа, тврдел дека Божјите неправедни ограничувања биле причина човекот да падне, како што биле причина и за неговиот бунт. Бог својата љубов ја покажал со тоа што дозволил неговиот единороден Син да умре за паднатиот човечки род. Во помирувањето се открил Божјиот карактер. Крстот е силен доказ за целата вселена дека патот на престапот на Луцифер во никој случај неможе да му се припише на Божјето владеење.

## Повеќе од Откуп

**Но Христос** не дошол на оваа Земја да страда и да умре само затоа да го спаси човекот. Тој дошол “Законот да го стори голем и славен”. Дошол не само жителите на овој свет да го почитуваат Законот како што треба, туку и на сите светови да им покаже дека Божјиот закон е непроменлив. Кога Законот би можел да се укине, тогаш Божјиот Син не би морал да го жртвува својот живот за да го окае престапот на Законот. Христовата смрт е доказ за непроменливоста на Законот.

Кога судот ќе заврши ќе се види дека за гревот не постоела причина. Крстот на Голгота е доказ дека законот е непроменлив. Тој исто така на светот му објавува дека плата за гревот е смрт. Во последниот извик на Спасителот: “Се сврши!”, на сатаната му одѕвонило посмртното ѕвоно. Тогаш големата борба што траела толку долго била решена и конечно е осигурено истребувањето на гревот. Целата вселена ќе биде сведок за природата и за последиците на гревот. ❑

# Толкување на Симболите

ламјата, во првиот стих, го претставува сатаната, таа, во поширока смисла, е и симбол на многубожечкиот Рим.

## Ѕверот Како Рис

**Во 13.** глава (стихови 1-10) е опишан друг ѕвер кој “беше како рис”, на кој ламјата му даде “своја сила, свој престол и голема власт”. Овој симбол, како што веруваа повеќето протестанти, го претставува папството кое наследило сила, престол и моќ од старото римско царство. За ѕверот сличен на рис се кажува: “Нему му се даде уста која зборуваше дрскости и хули...И тој ја отвори устата да хули против Бога, да хули на името негово, на неговата светиња и на оние што живеат на небото. И дадено му е да војува со светите и да ги победи. Дадена му е власт над секое племе, колено, јазик и народ.” Ова пророштво кое речиси е еднакво со описот на малечкиот рог во Данило 7. глава, без сомнение укажува на папството.



Му беше дадена “и власт да прави така четириесет и два месеци.” Пророкот понатаму кажува: “И видов една од неговите глави како беше смртно ранета”; потоа продолжува: “Кој води во ропство и самиот ќе отиде во ропство; кој убива со меч, мора и самиот од меч да загине.” Оние четириесет и два месеца имаат исто значење како и она “време, времиња и половина време”, трииполте години или 1260-те денови од Данило 7. глава - односно го означуваат времето за кое папската власт ќе го угнетува Божјиот народ. Овој временски отсек, како што е изнесен во претходната глава, почнал со папската превласт во 538 година по Христа, а завршил во 1798 година. Во тоа време француската војска го заробила папата; папската власт задобила смртна рана и се исполнило пророштвото: “Кој води во ропство, и самиот ќе отиде во ропство” (Откровение 13:10).

**“Ако според тоа Католичката црква исто така бара право на догматска нетрпеливост, што се однесува до нејзините учења, неправилно е да и се префрла поради користењето на тоа право.... Таа ја почитува догматската нетрпеливост не само како нејзино неоспорно право, но и како нејзина света должност.... Според Римјаните 8:11, световните власти имаат право да казнуваат со смрт, посебно кога станува збор за сериозни злочини; последователно еретиците не само што можат да бидат екскомуницирани (исфрлени од црквата) туку според правдата и убивани.”** The Catholic Encyclopedia, 1911 edition, Vol.14, pages 766, 768.

## Америка во Пророштвото

**Во таа** глава се појавува уште еден симбол. Пророкот вели: “И видов друг ѕвер како излегува од земјата. Тој имаше два рога како кај јагне” (Откровение 13:11). Појавувањето на овој ѕвер и неговиот изглед покажуваат дека народот што го претставува тој е поинаков од народите што се претставени со претходните симболи. Големите светски царства во пророкот Данило се претставени со ѕверови што се појавиле откако “четири небесни ветра го разбранија Големото Море” (Данило 7:2). Во Откровение 17. глава ангелот објаснил дека водите се “луѓето, народите, племињата и јазиците” (Откровение 17:15). Ветровите се симболи на судирите. Четирите небесни ветра што дувале на Големото Море ги претставуваат страшните сцени на освојување и превврати, со чија помош царствата доаѓаат на власт.



**“Ѕидот на раздвојување помеѓу црквата и државата е метафора базирана на лоша историја, метафора која се има докажано како некорисен судски водич. Таа треба отворено и без сомнение да се напушти.”** Chief Justice William Rehnquist Time, December 9, 1991.
**“Неодамнешното решение на Врховниот Суд на САД изјавува дека во случај кога религиските права се судруваат со владините потреби за еднакви прописи, судот би ја подржал владата.”** Los Angelos Times, April 18, 1990.

## Излегува од Земјата

**Но ѕверот** со рогови слични како кај јагне е виден “како излегува од земјата”. Наместо да ги урне другите власти и самиот да воспостави своја власт, овој вака претставен народ мора да се појави на едно до сега ненаселено подрачје и да се развива постепено и мирно. Затоа тој неможел да излезе од народите на стариот свет, што биле многу и што се бореле меѓу себе, односно од она немирно море на “народи, колена, племиња и јазици”. Него мораме да го бараме на западниот континент. Кој народ почнал да се јавува во 1798 година како сила во новиот дел на светот и станувал се поголем и посилен така што го привлекол на себе вниманието на светот? Применета на овој симбол не е никакво тешко прашање. Само еден единствен народ одговара на податоците на ова пророштво. Тоа јасно упатува на Соединетите Американски Држави. Често говорниците и историчарите несвесно ја употребувале мислата, а понекогаш и самите зборови на пророкот при опишувањето на настанокот и развитокот на овој народ. Ѕверот е виден “како излегува од земјата”. Зборот “излегува” може да се преведе со “никнува или израснува како билка”. Но, како што видовме, тој народ морал да се појави на дотогаш ненаселено подрачје. Еден угледен писател, кој го опишува настанокот на Соединетите Држави, зборува за “тајната на нивниот настанок од незаземено подрачје”. Тој кажува: “како тивка шиблинка израснавме во држава”.- G.A.Townsend, The World Compared With the Old, page 462. Еден европски дневник во 1850 за Соединетите Држави пишуваше како за некоја необична држава која “никнала” и “во тишина на земјата непрекинато ја зголемува својата моќ и гордост”.-The Dublin Nation.

Ѕверот со “два рога како на јагне” многу добро го претставува карактерот на владата на САД, изразен преку нејзините два темелни принципа - Републиканизам и Протенстантизам. Овие принципи се тајната на успехот и просперитетот на оваа нација. Оние кои што први го пронајдоа своето засолниште на бреговите на Америка, беа срекни што стигнаа на тло слободно од арогантните изјави на папството и тиранијата на царската власт. Тие беа решени да основаат влада поставена на широки темели на цивилна и религиска слобода.

## Зборува како Ламјата

**Но ѕверот** со рогови како кај јагне “зборува како ламјата”. “Сета власт на првиот ѕвер тој ја врши во негово присуство. Ја присилува Земјата и сите нејзини жители да му се поклонат на првиот ѕвер, чијашто смртна рана се исцели...Им советува на земните жители да му направат икона на ѕверот кој беше удрен со меч, но преживеа” (Откровение 13:11-14).

Роговите како кај јагне, а гласот како на ламјата во овој симбол укажуваат на забележливата противречност меѓу начелата и постапувањето на вака претставениот народ. “Говорот” на еден народ се одлуките на неговите законодавни и судски власти. Сите овие одлуки ќе ги негира слободоумните и мирољубиви начела што ги поставил како основа на својата државна политика. Пророштвото дека ќе зборува “како ламја” и “сета власт на првиот ѕвер тој ќе ја врши во негово присуство”, јасно го преткажува развојот на духот на нетрпеливоста и прогонството што го покажале и народите претставени со ламјата и со ѕверот сличен на рис. А изјавата дека ѕверот со два рога ќе стори “Земјата и нејзините жители да му се клањаат на првиот ѕвер” покажува дека овој народ својата власт ќе ја употреби за тоа да наметне држење на нешто со што ќе му укажува чест на папството.

Ваквата постапка би се противела на начелата на оваа држава, на духот на нејзините слободни институции, на директните и свечени гаранции на Декларацијата за независност и на самиот Устав. Основачите на државата вложиле голем труд да ја спречат црквата да употреби световна власт со нејзините неизбежни последици - нетрпеливост и прогонство. Уставот пропишува: “Конгресот не смее да издаде закон со кој се воспоставува некоја религија или се забранува слободното исповедање на која и да е религија; исто така верата не смее никогаш да биде услов за добивање на која и да е доверлива јавна служба во Соединетите Држави.” Само со очигледно отфрлање на овие чувари на националната слобода државната власт би можела да наметне почитување на некој верски пропис. Но недоследноста на ваквата постапка нема да биде поголема отколку што е прикажана во симболот. Ѕверот со рогови како кај јагне - според своите уверувања чист, благороден и безопасен - зборува како ламјата.

## Иконата на Ѕверот

**“Советувајќи** им на земните жители да му направат икона на ѕверот”. Овде јасно се изнесува дека во државното уредување на таа земја законодавната власт е во рацете на народот. Ова е силен доказ дека Соединетите Држави се народот означен во ова пророштво.

Но што значи “иконата на ѕверот”, и како треба таа да биде направена? Ѕверот со два рога иконата ќе му ја направи на првиот ѕвер. Затоа таа и се нарекува икона на ѕверот. За да дознаеме што е таа икона и како треба да биде направена, мораме да ги проучиме обележјата на самиот ѕвер, на папството.

## Обединување на Црквата и Државата

**Кога** црквата во почетокот се расипала застранувајќи од едноставноста на евангелието и прифаќајќи ги незнабожечките обичаи и обреди, таа го загубила Божјиот Дух и неговата сила. За да може да владее над совеста на луѓето, барала подршка од државната власт. Како резултат на тоа се појавило папството - црква што владеела над државата и истата ја употребувала за постигнување на своите цели, особено за казнување на “еретиците”. За Соединетите Држави да можат да му направат на ѕверот икона, црковната власт мора да ја контролира граѓанската власт така за црквата да може да ја употреби државната власт за постигнување на своите сопствени цели.

Отпадот црквата ја довел до таму што таа побарала помош од државата, а тоа го приготвило патот за развитокот на папството, ѕверот. Павле рекол: “Нема да дојде денот Господен додека прво не настапи отпад и не се појави човек на беззаконието, син на гибелта” (2 Солуњаните 2:3). Според тоа, отпадот во црквата ќе му го приготви патот на ѕверот.

## Историјата се Повторува

**Библијата** кажува дека пред Господовото доаѓање ќе настане сосотојба на верско опаѓање, слична на она во првите векови. “Но ова знај го: во последните денови ќе настанат времиња тешки. Зашто луѓето ќе станат саможиви, среброљупци, самофалци, горди, хулители, непокорни спрема родителите, неблагодарни, неправедни, недружељубиви, непомирливи, клеветници, невоздржливи, нескротливи, недоброљупци, предавници, пребрзи, надуени, повеќе сластољупци отколку богољупци, на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле” (2 Тимотеја 3:1-5). “Духот јасно зборува дека во последните времиња некои ќе отстапат од верата слушајќи лажни духови и

"ѓаволски науки" (1 Тимотеј 4:1). Сатаната ќе делува "со секоја сила, со чудни знаци, со лажни чуда и со секаква расипана измама". А сите оние "што не ја прифатија љубовта кон вистината за да се спасат", ќе бидат препуштени сами на себе да ја прифатат "делотворната заблуда за да и веруваат на лагата" (2 Солуњаните 2:9-11). Кога ќе настапи оваа состојба на безбожност, тогаш ќе настапат истите последици како и во првите векови.

## Формирање на Иконата

**Кога** водечките цркви во Соединетите Држави ќе постигнат согласност во точките на науката што им се заеднички и кога ќе почнат да влијаат врз државата да ги наметне нивните прописи и да ги поддржи нивните установи, тогаш протестанска Америка ќе стане икона на римската свештеничка власт, а неизбежна последица на тоа ќе биде наметнување на граѓански казни за оние што веруваат поинаку. ❑

# Жигот на Sверот

**Sверот со** два рога "постигна на сите - на малите и големите, на богатите и сиромасите, на слободните и робовите - да им се удри жиг на десната рака или на челото, И никој да неможе ни да купува ниту да продава, освен оној што носи жиг со името на sверот или со бројот на неговото име" (Откровение 13:16,17). Опомената на третиот ангел гласи: "Секој што му се клања на sверот и на неговата икона и што ќе прими жиг на челото или на раката, ќе пие од виното на Божјата јарост" (Откровение 14:9). "Sверот" што се споменува овде, чие што обожавање ќе го изнуди sверот со два рога, е првиот sвер, сличен на рис, од Откровение 13. глава - папството. "Иконата на sверот" го претставува оној облик на отпаднатиот протенстантизам што ќе се развие кога протестантските цркви ќе бараат помош од државата принудно да ја наметнат својата наука. Сега уште останува да го опишеме "жигот на sверот".

## Различни Служби

**По опомената** да не му се клањаме на sверот и на неговата икона, пророштвото кажува: "Овде е трпението на светите кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова." Бидејќи оние што ги држат Божјите заповеди овде се поставени наспроти оние што му се клањаат на sверот и на неговата икона и го прифаќаат неговиот жиг, од тука јасно се гледа дека почитувањето на Божјиот закон од една страна, и неговото престапување, од друга страна, ја прават разликата меѓу оние што му се клањаат на Бога и оние што му се клањаат на sверот.

## Карактерот на Sверот

**Посебно** обележје на sверот, а со тоа и на неговата икона, е газењето на Божјите заповеди. Данило кажува за малечкиот рог, односно за папството: "И ќе помислува да ѓи промени времињата и зконите" (Данило 7:25). Павле истата власт ја нарекол "човек на беззаконието" ("човек на гревот"), кој се издигнува над Бога. Едно пророштво се дополнува со друго. Само со менување на Божјиот закон папството можело да се издигне над Бога. Оној што свесно го држи вака изменетиот закон, со тоа и оддава највисока чест на власта што го изменила. Таквата послушност кон папските закони е знак на верноста кон папата, а не кон Бога. Овде станува збор за намерната и добро промислената промена: "И ќе помислува да ги промени времињата и законите". Промената извршена во четвртата заповед точно го исполнува пророштвото. Црквата тврди дека само таа има власт да ја изврши таа промена. Со тоа папската власт отворено се издигнала над Бога.



## Светоста на Саботата

**Додека** почитателите на Бога посебно се познаваат по тоа што ја држат четвртата заповед - зашто таа е знак на Божјата творечка моќ и сведок дека само Тој како Творец има право на почитување од страна на луѓето - приврзаниците на sверот ќе се познаваат по своето настојување да го срушат денот на сеќавањето на Творецот за да ја издигнат установата на Рим. Во полза на неделата папството прво истапило со свои дрски барања; и прв пат ја повикало државата на помош кога сакало да го присили народот да ја празнува неделата како "Господен ден". Но Библијата упатува на седмиот ден како Господен ден, не на првиот. Христос рекол: "Синот човечки е господар на саботата." Четвртата заповед вели: "А седмиот ден е одмор на твојот Господ Бог." Преку пророкот Исаија сам Господ овој ден го нарекува: "Мој свет ден" (Марко 2:28; 2 Мојсеева 20:10; Исаија 58:13).

Римокатолиците признаваат дека промената на саботата ја извршила нивната црква и изјавуваат дека со празнувањето на неделата протестантите ја признаваат нивната власт.

Во знак на папскиот авторитет, католичките писатели ја наведуваат "токму оваа промена на саботата во недела што ја одобруваат и протестантите... зашто со признавањето на неделата тие ја признаваат власта на црквата да ги одредува празниците, и дека престапувањето на тие празници е грев."- Henry Tuberville, An Abridgment of the Christian Doctrine, page 58. Според тоа што е друго промената на саботата отколку жиг или знак на моќта на Римската црква - "жиг на sверот"?

## Отфрлање на Библијата

**Римската** црква не се откажала од своето барање за превласт, и кога светот и протестантските цркви ќе ја прифатат нејзината недела како сабота, тогаш тие всушност ја признаваат нејзината власт. За оваа промена тие можат да се повикаат на авторитетот на отците и на преданијата, но постапувајќи така, го побиваат токму она начело што ги изделува од Рим - дека "Библијата, и само Библијата, е вера на протестантите". Секој приврзаник на Рим може да види дека протестантите се лажат самите себеси и дека во овој случај намерно ги затвораат очите пред фактите. Кога движењето во корист на признавањето на неделата наидува на одобрување, приврзаниците на Рим се радуваат знаејќи дека со текот на времето целиот протестантски свет ќе дојде под знамето на Рим.

## Почитување на Sверот

**Но христијаните** во минатите векови ја празнувале неделата мислејќи дека ја празнуват библиската сабота. И денеска уште има вистински христијани во различни христијански цркви па и во Римокатоличката, кои искрено веруваат дека неделата е од Бога одредената сабота. Бог ја прима нивната искрена намера и нивната чесност. Но кога празнувањето на неделата ќе биде наметнато со закон и кога светот потполно ќе биде упатен и просветлен во врска со должностите кон вистинската сабота, тогаш сите што ќе ја прекршат Божјата заповед да ја послушаат наредбата што не се темели на поголем авторитет отколку што е Рим, со тоа ќе му дадат поголема почит на папството отколку на Бога. Тие го почитуваат Рим и власта што наредува да се држи установата




што ја вовел Рим. Тие му се клањаат на ѕверот и на неговата икона. Кога луѓето ќе ја отфрлат установата за која Бог рекол дека е знак на неговата моќ а наместо неа ја почитуваат онаа што ја избрал Рим да биде знак на неговата врховна власт, тие на тој начин примаат знак на верност кон Рим - “жиг на ѕверот”. Дури тогаш, кога сето тоа ќе им биде јасно на луѓето, и тие ќе се најдат во положба да бираат меѓу Божјите и човечките заповеди, оние што ќе останат во својот престап, ќе го примаат “жигот на ѕверот”.

## Најстрашната Закана

**Најстрашната** закана, што кога и да е му е упатена на смртниот човек, се наоѓа во третата ангелска вест. Сигурно тоа е страшен грев поради кој се излева врз главите на виновниците Божји гнев непомешан со милост. Луѓето не смеат да останат во темнина во врска со овој мошне важен предмет. Предупредувањето против овој грев треба да му се објави на светот уште пред излевањето на Божјите судови за сите да можат да знаат зошто тие треба да се излеат и да им се даде можност да ги избегнат. Пророштвото кажува дека првиот ангел му ја објавува својата вест “на секое племе, јазик, колено и народ”. Предупредувањето на третиот ангел што содржи дел од истата тројна вест, исто така мора да му се објави на целиот свет. Според пророштвото, оваа опомена ќе биде објавена “со силен глас” од страна на еден ангел кој лета среде небото и кој ќе го привлече на себе вниманието на целиот свет.

> **“Светкувањето на неделата од Протестантите претставува почит кон авторитетот на (Католичката) црква што тие го плаќаат како за инает на самите себе.”** Monsignor Segur, Plain Talk About the Protestantism of Today, page 213.

## Два Големи Дела

**На крајот** на борбата целото христијанство ќе биде поделено на два големи дела - на оние што ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, и на оние што му се клањаат на ѕверот и на неговата икона и го примаат неговиот жиг. Иако црквата и државата ќе ја соединат својата моќ да ги присилат “сите - малите и големите, богатите и сиромасите, слободните и робовите”- да го примат “жигот на ѕверот” (Откровение 13:16), сепак Божјиот народ нема да го прими. Пророкот уште на Патмос ги видел “оние што го победија ѕверот и неговата икона и бројот на неговото име, како стојат на стаклено море со Божји харфи во рацете и ја пеат песната на Божјиот слуга Мојсеј и песната на Јагнето” (Откровение 15:2,3).

## Две Големи Заблуди

**Со две** големи заблуди, со заблудата за бесмртност на душата и со заблудата за празнување на неделата, сатаната ќе успее да ги прелаже луѓето. Додека првата заблуда поставува темел за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим.

Протестантите во Соединетите Држави ќе бидат први кои ќе подадат рака преку понорот за да ја прифатат раката на спиритизмот. Тие ќе ја прифатат раката на римската власт и под влијание на овој троен сојуз, оваа земја ќе појде по стапките на Рим со тоа што ќе ги гази правата на совеста.

Разликата меѓу оние што велат дека се христијани и неверниците сега одвај може да се забележи. Припадниците на црквите го сакаат она што го сака светот и готови се да се соединат со него; а сатаната решил да ги поврзе во едно тело и со тоа да го засили своето дело собирајќи ги сите во редовите на спиритизмот. Католиците, кои се фалат со чудата како сигурен знак на црквата која е од Бога, ќе бидат лесно измамени од оваа сила што прави чуда, а протестантите, отфрлајќи го штитот на вистината, исто тага ќе бидат прелагани. Католиците, протестантите и световните луѓе ќе го прифатат обликот на побожноста без нејзината сила и во ова соединување ќе видат движење за обратување на светот и за воспоставување на долго очекуваното илјадагодишно царство. ❏

# Сатаната Командува Нов Светски Поредок

**Со помош** на спиритизмот сатаната се појавува како добротвор на човечкиот род; тој ги лекува болестите на луѓето и се претставува како оној што донесува нова и повозвишена религија, а во исто време работи како рушител. Неговите искушенија мнозина водат во пропаст. Неумереноста го отапува разумот; кон ова следат сетилни задоволства, караници и крвопролевања. Сатаната ужива во војната, зашто војната буди најлоши страсти во душата, и потоа ги фрла во вечна пропаст своите жртви потонати во порок и крв. Негова цел е народите да ги раздразни да војуваат едни против други, зашто така може мислите на луѓето да ги одврати од подготовката да опстанат во денот на Божјето доаѓање.

> **“Неделата е жиг на нашиот авторитет. Црквата е над Библијата, и оваа промена на саботата е само доказ за тој факт.”** The Catholic Record, London, Ontario, September 1, 1923.

Сатаната исто така работи преку природните сили да ги собере неподготвените души за својата жетва. Тој ги проучил тајните на лабораторијата на природата и сета своја моќ ја употребува да завладее со нив во онаа мера колку што му дозволува Бог. Кога му било дозволено да го искуша Јова, колку бргу биле уништени стадата, слугите, куќите и децата - несреќите се нижеле со секавична брзина. Бог е тој што ги чува своите созданија и ги штити од силата на уништувањето. Но христијанскиот свет покажал презир кон Божјиот закон и Господ ќе го стори она што го кажал. Тој Земјата ќе ја лиши од своите благослови и ќе ја повлече својата заштита од оние што стануваат против неговиот Закон и ги учат и присилуваат и другите да прават така. Сатаната има власт над сите оние што не ги штити Бог на посебен начин. Тој на некои ќе им помогне и ќе ги стори среќни за поуспешно да ги изведе своите намери, додека другите ќе ги турне во неволја и ќе ги наведе да веруваат дека Бог е тој што ги мачи. Додека сатаната им се претставува на луѓето како голем лекар кој може да ги исцели сите нивни болести, во исто време тој ќе ги обремени со болести и несреќи и цели градови ќе претвори во урнатини и пустош.

## Идентификувани предизвикувачите на Неволји

**И тогаш** големиот измамник ќе ги убеди луѓето дека причината за овие зла се оние што му служат на Бога. Тие што предизвикале небесно негодување сиот товар ќе го струполат врз оние чија што

послушност кон Божјите заповеди е постојан прекор за престапниците. Ќе се тврди дека луѓето со непочитувањето на неделата го навредуваат Бога; дека овој грев навлекува неволја што нема да престане додека не бидат присилени сите да ја празнуваат неделата, и дека оние што проповедаат држење на четвртата заповед и со тоа го поткопуваат почитувањето на неделата, го бунат народот спречувајќи го повторно да ја добие божествената милост и да постигне земна благосостојба.

Силата што прави чуда, а што се открива преку спиритизмот, ќе го употреби своето влијание против оние што ќе изберат со поголемо задоволство да го слушаат Бога отколку луѓето. Во своите пораки духовите ќе изјавуваат дека Бог ги пратил да ги уверат противниците на неделата дека се во заблуда и да потврдат дека земните закони треба да се почитуваат како Божјиот закон. Тие ќе покажуваат жалење поради големата расипаност што владее во светот и, заедно со верските учители, ќе тврдат дека ниската состојба на моралот е предизвикана со осквернувањето на неделата. Силно ќе биде негодувањето на светот против оние што ќе одбијат да им веруваат на нивните зборови. ❑



## Третата Ангелска Вест

"И трет ангел по него наиде, зборувајќи со висок глас: кој ќе му се поклони на ѕверот и на образот негов, и прими белег на челото свое или на раката своја, тој ќе пие од виното на јароста Божја, вино неразводнето, излеано во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур пред светите ангели и пред Агнецот. Димот од мачењето нивно ќе се издига во сите векови; нема да имаат мир ни дење, ни ноќе оние, кои ќе му се поклонат на ѕверот и на неговиот образ, и кои ќе го примат белегот на неговото име." (Откровение 14:9-11)

# Сатаната во Христов Лик

**Во завршниот** чин на големата измама, лично сатаната ќе се прикаже како Христос. Црквата долго тврдела дека го чека доаѓањето на Спасителот како исполнување на своите надежи. Сега големиот измамник ќе создаде впечаток дека Христос веќе дошол. Во разни краишта на светот сатаната ќе се појави меѓу луѓето како величествено суштество со блескотен сјај, кое ќе биде слично на описот на Божјиот Син во Јовановото Откровение (Откровение 1:13-15). Славата што ќе го опкружува ќе го надмине се она што кога и да е го видело смртното око. Низ воздухот ќе одекнува триумф на победа: "Христос дошол, Христос дошол!" Народот ќе паѓа ничкум пред него обожавајќи го; тој ќе ги подигне рацете и ќе ги благослови како Христос што ги благословил своите ученици кога живеел на Земјата. Неговиот глас ќе биде мек и придушен, но мелодичен. Со благ и со чувствителен тон ќе изнесува некои прекрасни небески вистини што ги изнесувал Спасителот. Ќе лекува болести кај народот и ќе тврди, како да е Христос, дека саботата ја променил во недела и на сите им заповедал да го празнуваат денот што го благословил тој. Ќе каже дека оние кои упорно го празнуваат седмиот ден го обесчестуваат неговото име, зашто одбиваат да ги слушаат неговите ангели што ги пратил кај нив со светлина и со вистина. Ова ќе биде силна, речиси непреодолива измама. Како Самарјаните што ги измамил Симон вражарот, народот, од малечко до големо, ќе ја прифати оваа измама и ќе вели: "Ова е голема Божја сила" (Дела 8:10)

**"На папството и неговата институционална организација; Римокатоличката црква, му беа потребни скоро 2 000 години за да се здобие со статус и позиција на георелигија.... Со политичка цел и структура? Да со геополитичка цел и структура. Бидејќи во финалните анализи Јован Павле II како Христов наместник тврди дека е последното судско тело, на општеството од држави како општество."** Keys of This Blood**, M. Martin p.374-375.**

## Откривање на Измамникот

**Но Божјиот** народ нема да биде заведен. Науките на овој лажен Христос не се во согласност со Светото писмо. Неговиот благослов ќе биде изречен над почитувачите на ѕверот и на неговата икона - токму над оние луѓе за кои Библијата кажува дека врз нив ќе биде излеан непомешан Божји гнев.

Меѓутоа на сатаната нема да му биде дозволено да го имитира начинот на Христовото доаѓање. Спасителот својот народ го предупредил во овој поглед и точно го опишал своето доаѓање: "Оти ќе се појават лажни христоси и лажни пророци и ќе покажат големи знаци и чуда, за да ги прелажат, ако е можно, избраните... И така, ако ви речат: Ене го во пустина - не излегувајте; ене го во тајни соби - не верувајте. Зашто како молњата што излегува од исток и се гледа дури до запад, така ќе биде доаѓањето на Синот Човечки" (Матеј 24:24-27,31;25:31; Откровение 1:7; 1 Солуњаните 4:16,17). Не е можно да се имитира ова доаѓање. Тоа ќе биде сеопшто познато - сите ќе го видат.

## Единствено Библијата

**Само** оние кои ревносно го истражуваат Светото писмо и кои имаат љубов кон вистината ќе бидат заштитени од големата измама што ќе го зароби сиот свет. Со помош на сведоштвата на Светото писмо тие ќе го откријат престорениот измамник. Сите ќе бидат изложени на време на испитување. Вистинските христијани ќе се откријат со решетањето што ќе го предизвика ова искушение. Дали Божјиот народ денеска е толку цврсто втемелен на неговата Реч за да не се потпира врз своите сетила? Дали во овој решавачки час ќе се потпира врз Библијата, само врз Библијата? Сатаната ќе се обидува да ги спречи да се приготват да се одржат во оној ден. Тој ќе преземе се на Божјите деца да им го затвори патот, да ги зароби со земни богатства, да ги натовари со тежок и мачен товар за срцето да го преоптоварат со световни грижи и денот на искушението да ги затекне како крадец. ❑

**Што се однесува до неодамнешното основање на културен центар во Вашингтон, папата Јован Павле вели: "на ова ќе гледаме како на мал Ватикан во Соединетите Држави." - како што објавил Paul Shepard AP writer. The Daily News, March 24, 2001.**

***"Крајната намера на екуменизмот, онака како што го замислуваат Католиците, е единство во верата и богослужбата, и признавање на супериорниот духовен авторитет на Римскиот бискуп"*- Priest J.Cornell.**



Папата



Понизниот Христос

# Што да се Стори Сега?

**Ајде** сега да го пренасочиме вниманието од минатото и историјата како и од сите оние кризи што надоаѓаат, и да поразмислиме околу срцевината на целиот овој предмет.

Ако имате желба можете да станете Божје чедо токму сега, токму во овој момент. Бог има сторено се што еден Бог може да стори, а ваше е сега да го прифатите она што тој го учинал за сите нас. Бог не возљуби толку многу "што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот." (Јован 3:16).

## Сила Која Оспособува

**Го имате** ли примено тој дар? Сите оние што го примаат Него (Исус Христос) им се дава власт да бидат Божји деца. "А на сите кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име." (Јован 1:12). Вие сте Божја своина. Тој ве создаде, па така вие сте негови и преку создавањето. Тој ве откупи, па така вие сте Негови и преку откупението. Но тој не ве присилува; вие самите морате да одлучите да станете Негови; вие мора да ги признаете Неговите права, и вашата врска со Него. Во моментот кога ќе му се предадете. во истиот тој момент станувате Негови (види Римјаните 6:16). Во истиот момент кога го предавате својот живот под Негово водство, Тој ја превзема целосната контрола. Потоа од момент во момент вие чекорите со Него. Така водени од Господа вие сте Негови чеда. "Сите оние кои ги води Божјиот Дух -тие се Божји синови." (Римјаните 8:14).

Дали знаете дека гревот е престап на Божјиот закон? "Секој кој врши грев, врши и беззаконие; и гревот е беззаконие." (1 Јованово 3:4), види исто така (Римјаните 5:13; 7:7).

Дали знаете дека седмиот ден е Божјата Сабота? "И на седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела што ги направи. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во него се одмори од сите Свои дела, кои ги создаде Бог и ги направи." (1 Мојсеева 2:2,3), види исто така (2 Мојсеева 20:8-11).

## Наново Раѓање

**Со човек** се спријателуваме преку поглед или допир, а додека со Исуса тоа го правиме преку нашите мисли. Кога ја веруваме Божјата Реч, ја веруваме со срцето. Види (Римјаните 10:10). "И така, верата доаѓа од слушањето, а слушањето од Христовото слово." (Римјаните 10:17). Потоа Исусовата вера доаѓа преку проучувањето на

# Рим Предизвикува

Уредникот на "The Catholic Mirror" од Балтимор, М.Д, издаде серија од четири статии, кои што беа објавени во овој весник на, 2,9,16 и 23 Септември 1893.... Иако овие статии не беа напишани лично од Кардиналот (Гибонс), сепак беа објавени со негово лично одобрение, и се израз на папското мислење во врска со овој предмет. Исто така тие се отворен предизвик на Папството кон Протенстантизмот и неговото барање до Протестантите кои што му ја должат сметката за тоа што ја светкуваат неделата....

"Адвентистите се единственото христијанско тело кои што ја имаат Библијата како свој учител, и кои што неможат да пронајдат никаков доказ низ нејзините страници за промената на денот за одмор од седмиот на првиот. Оттука доаѓа и нивниот назив "Адвентисти на Седмиот ден". Протестантите.... го имаат отфрлено Божјиот ден за светкување поставен од самиот Бог, припишувајќи си при тоа самите на себе ден за светкување за кој што Светото писмо никогаш не говори како за таков, со што се во директна противречност на Божјата заповед.

"Но вистина, факт и право е дека и најстрогиот критериум на правдата забранува секаква осуда на оваа мала секта (Адвентисти на Седмиот ден, денес вборјува во своите редови повеќе од 10 милиони членови) без мирна и непристрасна проверка....

"Протестанскиот свет се од своето детство некаде во XVI век одсекогаш бил во согласност со Католичката црква, што се однесува до светкувањето на светата Неделата, а не Сабота."

"Додека.... од друга страна, последните (Израелски и Адвентистички) добиени аргументи, се несоборливи за големото Протестанско тело. . . . (Протестантите). . . . немаат никаков друг избор освен да си признаат дека за повеќе од три столетија учат и практикуваат нешто што е Библиски неточно.... Како додаток за поткрепа на оваа Библиска и неопростива грешка, вредно е да се напомене дека ова ја вклучува и една од најпозитивните и најнагласени заповеди што Бог ја има дадено до своите слуги: "Помни го денот саботен да го светкуваш." (Седмиот ден) ниту еден протестант (со исклучок на Адвентистите и на неколку други) што живее денес ја нема почитувано оваа заповед. Додека од една страна радо ја следат отпадничката црква од друга страна при тоа посочуваат кон нивниот учител - Библијата, која што пак од 1 Мојсеева па се до Откровението не учи друга наука..." Rome's Challenge 1-5.

"Според сето ова може да се извлече јасен и неоспорлив заклучок; дека меѓу оние кои што ја следат Библијата како свој водич, Израелците и Адвентистите на Седмиот ден ја имаат на своја страна ексклузивната важност на доказите, а додека пак библиските Протестанти немаат ниту еден збор во самоодбрана за замената на Саботата во Недела." Rome's Challenge 11.

Божјата Реч. Види (Откровение 14:12). Ние мораме да проучуваме за да се покажеме достојни пред Бога, и да ја почитуваме вистината за ова сегашно време. Види (2 Тимотеј 2:15). Потоа Речта (во твоето срце) зачнува нов живот, кој што претставува “наново раѓање”. Види (1 Петрово 1:23). Потоа ваше е да продолжите да пиете од млекото на Словото, и така да “растете”. Види (1 Петрово 2:2). Немојте при тоа да чекате некаков излив на чувства. Држете го Бога за Неговото Слово, без разлика како се чувствувате.

### Прочистување

**Нашата љубов** се искажува преку почитувањето на Божјите заповеди.

“И по тоа знаеме дека сме Го познале, ако ги пазиме Неговите заповеди. Кој вели го познав а не ги пази Неговите заповеди, лажец е и вистината не е во него. А кој го пази Неговото слово, во него, навистина, љубовта кон Бога стигнала до совршенство. По тоа знаеме дека сме во Него.” (1 Јованово 2:3-5). Што и да посакате прашајте го Бога, а потоа благодарете му. Сега она што сте го побарале е ваше. Види (Марко 11:24). Се разбира секогаш кога прашувате, прашувајте во согласност со Божјата волја. Види (1 Јованово 5:14-15).

Бог вели: “Ќе ве очистам.” “Ќе ви дадам ново срце.” “Ќе го вложам Мојот Дух во вас.” (Езекил 36:25-27). Побарајте да Тој тоа и го стори. Благодарете Му, затоа што Тој и ќе го стори, оти ветил. Исповедајте ги своите гревови Нему. Побарајте прошка од Него. Благодарете Му за применото опростување (1 Јованово 1:9; Матеј 7:7,11; Филипјаните 4:6,19). Библијата е полна со ветувања - според овој едноставен план сите можат да бидат ваши.

www.earthsfinalwarning.com
www.theloudcry.net

### Чекорете со Христа

**Драг** читателу, дали Бог сака да станете Негово чедо? Одговорот е едноставен: ДА! ДА! ДА! Прашањето сега е: Дали вие сакате да бидете Негово чедо? Ако вашиот одговор е ДА, тогаш според авторитетот на Божјето слово, вие сте Божје чедо. Пружете му ја својата рака и останете со Него.

“Кој го чува мирот зашто се надева во Тебе. Надевајте се во Господа довека, зашто Господ е Вечна Стена.” (Исаија 26:3-4). ❏

## Читателу одлуката е ваша, што ќе сторите?



Исус нашиот правосвештеник
(Евреите 3:1)

# ГОЛЕМАТА БОРБА

Нарачајте го ова драгоцено пишано дело од каде што е земен поголемиот дел од материјалот во оваа брошура. Sирнете што се случува зад сцената на големата борба помеѓу доброто и злото. Оваа книга ви ги дава најважните историски настани од христијанската ера, и ве води постепено се до климаксот што забрзано се приближува.




Целосно историски и библиски документирана.
Милиони продадени ширум светот.
И сето ова го добивате БЕСПЛАТНО!!

Испратете ги своите коментари и мислења на следниве адреси:

## За понатамоШно проучување на библиските вистини ви ги препорачуваме следниве изданија:

1) ПАТРИЈАРСИ И ПРОРОЦИ
Книга во која се поместени извештаи за создавањето на Адама и Ева и нивниот пад во грев со неговите катастрофални последици и бурната историја на Божјиот народ во периодот од Адама до Давида.

2) КОПНЕЖОТ НА ВЕКОВИТЕ
Вековен копнеж на човекот бил да најде спасител од чемерот и очајот на грешниот живот на овој свет. Во оваа книга е опишан животот на тој Спасител животот на Исус Христос.

3) ДЕЛАТА НА АПОСТОЛИТЕ
Извонредна книга за изворното христијанство и за животот и работата на Христовите ученици, апостолите.

4) ПАТОТ КОН ХРИСТА
Бестселер на светската духовна литература. Омилено дело во кое милиони луѓе ја пронашле убавината на Христовиот карактер.

5) АПОКАЛИПСА
Книга во која откровението и мноштвото пророштва ни се откриваат уште повеќе и уште појасно. Дознаете што било и што ќе биде.



# Последна Опомена до Светот

**"Мир на земјата"** е тема која што се популаризира секоја година од Католичкиот свет за време на прославата на Божиќ. Вистина е дека добрите луѓе насекаде по светот копнеат за ништо повеќе од мир во светот, за да можат да ја вкусат радоста во семејството, во верата и заедно со пријателите, и да ги вкусат плодовите на својата поштена работа. Но мирот на земјата се покажа како многу неостварлив.

За времето на големите светски империи како што беа Вавилонската, Медо-Персиската, Грчко-Македонската и Римската империја земјата има доживеано различни периоди на политички и социјален мир. Во историјата многу добро стои документирано дека при паѓањето на Римската империја Европа беше поделена на десет различни нации. Во текот на многу столетија, илјадници па дури и милиони лица ги загубија своите животи обидувајќи се преку моќни личности, но без успех, да ги спојат разединетите делови повторно во една целина. Првата Светска Војна беше водена со однапред определена цел за да се стави конечен крај на војувањата во светот. Залудноста на ваквата намера се докажа подоцна со разгорувањето на огнот на Втората Светска Војна. Оваа вистинска глобална војна заврши со пронајдокот и употребата на застрашувачката моќ на нуклеарната фисија. Со почетокот на атомската ера човештвото разви така деструктивно и моќно застрашувачко оружје, што со право владее стравот дека доколку дојде до посериозен конфликт, тоа би можело да предизвика нуклеарен холокауст со голема можност за целосно уништување на животот на планетата Земја.

Мирот како резултат на стравот од меѓусебно уништување исто така се покажа како помалку од идеален. Дури и под ваквото застрашување од




## Уште Колку Супер Сили Остануваат?

можно нуклеарно уништување Земјата беше и е сведок на многу вооружени конфликти како и на неколку поголеми војни, како што се војните во Кореа, Виетнам, Авганистан и неодамнешните воени судири на бившојугословенските простори (Босна и скорашната воена интервенција на НАТО во СР Југославија). Обете големи сили - Русија и САД - беа фрустрирани од војните што неможеа да ги добијат во своја корист само со употребата на конвенционалното оружје, плашејќи се притоа да не посегнат по нуклеарното вооружување.

Во време на вакви фрустрирачки напори да се обезбеди некаква форма на единство и надеж за Земјата, моќниците и светските сили нудат солуција за човековите потреби за мир и стабилност. Во Октомври 1978 година, мрачниот Полски архибискуп, Карол Војтила беше избран воедно како религиски водач на Католичката црква а и како цивилен водач на Ватикан. Сегашниот папа ја користи навидум својата двојна улога на водач, во напорите да го исполни своето ветување дека тој е папата кој што ќе се врати на светскиот трон, кој што претходно му беше одзеден на папството кон крајот на Мрачниот Среден Век, поточно во 1798 година. Многумина го сметаат за прв модерен папа кој што го поседува потенцијалот за остварувањето на една ваква цел.

Поднасловот на неодамна издадената книга "Клучевите на оваа крв" објавува серија на настани кои што можат да го променат светот засекогаш. Исто така укажува на главните актери во овие настани и за нивната крајна цел. Поднасловот на книгата вели вака: "Папата Јован Павле Втори против Русија и Западот за контрола на Новиот Светски Поредок."

Авторот, Малаки Мартин, Језуит внатрешен човек на Ватикан зазема папски поглед кон оваа битка за контрола на светот. Во книгата се среќаваат и одредени пророштва за иднината на светот, и се дефинира значаен дел од Ватиканската стратегија за контролата над истиот. Едно од пророштвата ја опишува папската стратегија за елиминацијата на СССР. Исполнувањето на ова пророштво денес може да се најде како добро документирана историја. Светскиот печат со неверојатна точност ја разоткри активната папска улога во дезинтеграцијата на комунизмот, чиј што почеток беше симболизиран со паѓањето на Берлинскиот Ѕид на 9 Ноември 1989 година.

Сега кога поранешниот Советски Сојуз е само дел од историјата, актерите кои што преостанаа во оваа битка за наметнување на своето влијание па дури и контролирање на целосната иднина на човештвото се САД, ООН и Папата Јован Павле Втори. Преостанува само да се види дали Комунистичка Кина ќе прерасне во геополитичка сила.

Меѓутоа не е доволно само претскажувањето на еден Језуитски автор за заканата на Новиот Светски Поредок да го вклучи алармот за узбуна. Но секако алармантен фактор е тоа што предметот за кој што книгата "Клучевите на оваа крв" расправа е тесно поврзан со пророштвата запишани во Библијата скоро пред 2000 години.

Колку далеку ќе бидат спремни да отидат Папата и САД и/или ООН во приврѕувањето на овој навидум бескраен конфликт во светот денес? Какви правци ќе бидат завземени во настојувањата да се донесе мир среде сегашниот светски социјален, политички и религиски немир? Дали Новиот Светски Поредок или влада ќе биде воспоставен во сегашно време, се со цел да се поврати релативната стабилност на веќе одминатите светски империи? Нам не ни е оставено да нагаѓаме околу овие витални прашања. Историјата и пророштвата ни ги даваат едни од најсензационалните и најсериозни проникнувања во последните светски настани кои што се непосредно пред нас и пред целиот свет. ❑